**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ПЛАН ЗА РАБОТА
## на Агенцијата за управување со одземен имот за 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONË E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-501/1
28.01 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Јануари, 2025**

**Образложение**

**Во согласност со член 8 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) (Службен Весник на РСМ 64/2024), Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на одржаната 1 – та седница на Управниот одбор, одржана на ден 28.01.2025 година, го донесе Планот за работа на Агенцијата за управување со одземен имот 2025 година.**



**Планот за работа на Агенцијата претставува стратешки документ кој ги дефинира насоките на работа на Агенцијата за 2025 година. Во него се изложени конкретните цели, приоритети и активности што треба да се реализираат во текот на годината, како и начинот на кој ќе се измери успехот на тие активности.**

**Планот вклучува информации за ресурси, потребни средства, време, задолженија на различни оддели или тимови и предвидени рокови. Овој план служи за обезбед ување на фокус и ефикасност во работењето на Агенцијата и за исполнување на нејзините задачи.**



**При изготвување на Планот за работа, беа запазени предвидените активности за Агенцијата во Реформската агенда на Р.С. Македонија и Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан за периодот 2024-2027, како и активностите предвидени во Националната стрратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2024-2028.**

## 1. Вовед

Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ) во 2008 -та година е формирана согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, и истата како посебно правно лице почна со редовна работа во 2009-та година. Правата, обврските и надлежностите на АУОИ се утврдени со Законот и тие се состојат во управување, користење и располагање со привремено конфискуваниот имот, имотна корист и привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка. Органи на Агенцијата се директорот и Управен одбор кој е составен од пет члена со мандат од 5 години без повторно право на избор. За својата работа Агенцијата одговара пред Владата на Република Северна Македонија.

Во рамките на својот мандат, Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ) продолжува да игра клучна улога во борбата против криминалот и корупцијата, обезбедувајќи ефективно управување со конфискуваниот имот и одземени предмети. Овој акциски план за 2025 година има за цел да ги унапреди постоечките процеси, да ја зголеми ефективноста на институцијата, да ја одржи и зголеми бредноста на одземениот имот и да обезбеди поголеми приходи за буџетот на Република Северна Македонија.

Заради подобрување на правната рамка, направени се измени на материјалниот Закон, а од причина што овие измени третираат материја во обем поголем од две третини, во март 2024 година донесен е Нов Закон за управување со одземен имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) (Службен Весник на Р.С. Македонија 64/2024).

Како главни измени во законот може да се наведат:

- Терминолошко унапредување и воедначување на изразите од законот со новите измени и дополнувања на КЗМ и ЗКП, при што предвид се земени и тековните прелози за измена и дополнување на овие два закони.
- Терминолошко унапредување на одредбите од Законот во насока на хармонизирање на овој Закон со ЕУ Директивата за конфискација
- Унапредување на роковите за постапување и постапките за постапување на Агенцијата, како и поврзување на начинот на постапување на Агенцијата во однос на подзаконските акти, како постојните, така и кон дополнителните подзаконски акти кои што би требало да се донесат од страна на Агенцијата.

Во поглед на конкретните измени на одредбите од Закон, може да се наведат следните:

- Подобрување на улогата на Управниот одбор на Агенцијата, каде што се предвидува враќање на поранешното законско решение во кое е предвиден стручен Управен одбор, односно членовите на Управниот одбор на Агенцијата да се бираат според степенот на нивните квалификации, имајќи го предвид фактот на големото влијание на Управниот Добор во однос на секојдневното постапување на Агенцијата.
- Воведување на Државниот правобранител, како орган кој е надлежен да ги застапува интересите на Агенцијата во текот на постапките пред судовите.
- Унапредување на начинот на продажба на одземениот и конфискуваниот имот, преку предвидување на дополнителни начини за продажба.
- Воведување на можноста за првенствено купување на сосопствениците на одземените или конфискувани предмети кои што се во сосопственост.
- Нормирање на можноста за издвојување на одземениот или конфискуван имот од стечаната маса или од имотот врз кој е засновано заложно право.
- Унапредување на можноста на вработените во Агенцијата при преземањето на имотот задолжително да прават и негова проценка, како и овозможување на остварување помош од стрна на овластени проценители, во случаите кога Агенцијата не располага со соодветна стручност за вршење на овие процени.
- Регулирање на постапувањето со одзмеен или конфискуван имот што е дивоградба.
- Воведување на соодветни рокови на постапување на Агенцијата кон другите органи.
- Воведување на електронски регистар за водење на одземениот и конфискуван имот.

- Унапредување на одредбите со кои се уредува постапката за управување со привремено одзмеениот имот, како и предвидување на начини и услови за продажба на привремено одзмениот имот.
- Унапредување на одредбите за социјално повторно користење (social reuse) на привремено одземениот имот, трајно одзсмниот имот и конфискуваниот имот.
- Унапредување на одредбите со коие се уредува јавната продажба на одземниот или конфискуван имот.
- Воведување на одредби со кои се органичува можноста од евентуални злоупотреби во однос на висината на цената на понудувачите, како и воведување на критериуми за дисквалификација на несовесните учесници на јавното наддавање.
- Можност за директен трансфер на дел од средствата добиени од страна на јавните продажби, како директен приход за ефикасно работење на Агенцијата.
- Ограничување на можноста на Агенцијата да постапува со одземен имот што се состои во оружје или експолизвни материи, како и наркотични дроги.
- Унапредување на одредбите што се однесуваат на постапката за продажба и управување со одземените и конфискувани моторни возила.

## 2. Основни цели на Акцискиот план за 2025 година

- **Унапредување на системот за конфискација на имотот и одземени предмети:** Продолжување со реформирање на процесите за конфискација, со цел да се обезбеди поголема ефикасност и транспарентност.
- **Зголемување на приходите во буџетот на Република Северна Македонија** преку оптимизирање на продажбата на конфискувани средства и ефективно управување со одземениот имот.
- **Јакнење на меѓународната соработка**: Подобрување на партнерствата со меѓународни институции и агенции за поврат и управување со одземен имот.
- **Сигурност и заштита на конфискуваните средства**: Подобрување на процесите за чување и одржување на конфискуваните имоти и одземени предмети.
- **Обучување и професионализација на вработените**: Зголемување на капацитетите на кадарот преку континуирано образование и тренинг.

---

## 3. Стратешки области и задачи

### 3.1. Управување со конфискуван имот и одземени предмети

- **Цел**: Осигурување на ефикасно и безбедно управување со конфискуваниот имот и одземените предмети
- **Акции**:
  - Спроведување на редовно ревидирање на сите конфискувани средства.
  - Креирање на електронски систем/РЕГИСТАР за евиденција на сите активни, привремено одземени и конфискувани средства.
  - Развивање на нови протоколи

### 3.2. Продажба на конфискуван имот и одземени предмети

- **Цел**: Зголемување на ефективноста на процесот за продажба на конфискувани движни и недвижни средства.
- **Акции**:
  - Овозможување на електронски јавни аукции со нови технологии за поголема транспарентност и повисока конкуренција.
  - Подготовка и објавување на регуларни извештаи за резултатите од продажбата.
  - Усогласување на постапките со најдобрите меѓународни пракси за продажба на одземени имоти.
  - Социјална пренамена

### 3.3. Превенција на нелегален имот

- **Цел**: Обезбедување на системи за одземање на нелегални средства.
- **Акции**:
    - o Интензивирање на заеднички операции со други релевантни институции :„ Планирање пред одземање “

### 3.4. Меѓународна соработка и учество во меѓународни иницијативи

- **Цел**: Продолжување на активното учество во меѓународните иницијативи и соработката со други држави
- **Акции**:
    - o Потпишување меморандуми за соработка со други национални агенции
    - o Учествување во меѓународни обуки и конференции за размена на искуства и добри практики. ( со поддршка од БАМИН мрежа, RAI, UNODC, ARO платформа, ОБСЕ, ГИЗ, ИПА проекти и други стратешки партнери)

### 3.5. Прочистување и уништување на конфискувани и одземени предмети

- **Цел**: Безбедно и одговорно уништување на предмети кои не можат да се продаваат.
- **Акции**:
    - o Организирање на редовни акции за уништување на нелегални производи како наркотични супстанции, оружје и фалсификати.
    - o Осигурување на стандардизирани процедури за уништување на овие предмети.
    - o Селекција и продажба на хаварисани возила како старо железо

---

## 4. Капацитети и стручно усовршување

- **Цел**: Изградба на капацитети и подобрување на ефикасноста на вработените.
- **Акции**:
    - o Воведување на редовни обуки за сите вработени во Агенцијата во области како што се правото, економијата, управување со имот и безбедност.
    - o Спроведување на семинари и обуки со меѓународни експерти и специјалисти за прашања на конфискација и одземени средства.
    - o Меѓуинститционална обуки на тема: Финансиски истраги, конфискација и управување со одземен имот
    - o Зајакнување на соработката со АРО канцеларија, Јавно обвинителство , истражни органи и суд

---

## 5. Мониторинг и извештаи

- **Цел**: Обезбедување на транспарентност и отчетност во работењето на Агенцијата.
- **Акции**:
    - o Изработка на годишни извештаи за напредокот на постигнувањето на целите на Акцискиот план.
    - o Редовно известување на Управниот одбор и Владата на Република Северна Македонија за резултатите од продажбата и управувањето со конфискувани средства.
    - o Усвојување на нови методологии за процена на ефективноста на мерките и активностите на Агенцијата.
    - o Редовни објави и соопштенија на веб страната на Агенцијата

## 6. МЕРКИ ЗА ОДГОВОРНО И ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕНИОТ И КОНФИСКУВАН ИМОТ

**Основни насоки за имплементација на новото законско решение:**

Ефикасноста на системот за одземање и управување со одземениот имот е во директна зависност од капацитетите на Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ), стручноста и професионализмот на вработените, како и од ажурноста на процедурите. Зголемената одговорност и отчетност на оваа државна институција, која постапува според принципите на законитост, економичност и ефикасност, ќе биде поткрепена преку следните мерки:

**М1: Формирање на Управниот одбор на АУОИ и обезбедување негова ефективност**

Со новиот Закон за управување со конфискуваниот имот, имотната корист и одземени предмети, се зајакнува улогата и стручниот состав на Управниот одбор на АУОИ, кој е задолжен за донесување важни одлуки за продажба, отстапување и закуп на одземени предмети. Управниот одбор ќе биде составен од седум члена со мандат од пет години, без право на повторен избор. Зајакнувањето на улогата на овој орган ќе обезбеди дополнителен контролен механизам и ќе ја унапреди транспарентноста и одговорноста во работењето на АУОИ.

**М2: Унапредување на правната рамка**

Новиот Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) ја наметнува потребата од донесување на подзаконски акти. Во таа насока, ќе се донесат нови подзаконски акти, а подоцна ќе се спроведе обука на вработените за правилната примена на овие акти, како и примената на новата Директва на ЕУ 2024/1260 на Европскиот Парламент и на Советот од 24 Април 2024 за поврат на имот и конфискација.

**М3: Кадровско зајакнување и техничко опремување на Агенцијата**

Во рамки на Реформската Агенда и Планот за раст, предвидена е активност за целосно екипирање на Агенцијата, за што потребно е зајакнување на човечките ресурси со различни профили на вработени (правници, економисти, ИТ специјалисти, технички персонал). Селекцијата на кадрите ќе се базира на стручност и компетентност. Паралелно, ќе се обезбедат материјални ресурси за опремување на канцелариските простор и техничка опрема за складирање, евиденција и одржување на имотот.

**М4: Воспоставување и одржување на електронски регистар за одземен имот**

Во рамки на Реформската Агенда и Планот за раст , како и согласно законските одредби и спроведување на ЕУ Директивата, АУОИ ќе воспостави електронски Регистар за сите привремено одземени и конфискувани предмети. Регистарот ќе содржи податоци за органот што го извршил одземањето, проценетата вредност, начинот на чување, како и начините на управување со имотот. Покрај тоа, ќе се изврши обука за сите вработени за користење на регистарот.

**М5: Обезбедување пристап до базите на податоци на други институции**

АУОИ ќе се поврзе со базите на податоци на Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар и други релевантни институции. Оваа размена ќе се остварува преку Националната платформа за интероперабилност. Со соодветни меморандуми за соработка ќе се уреди пристапот до овие податоци, а ќе се изврши и обука на вработените во АУОИ.

**М6: Подобрување на просторните капацитети за чување/складирање на одземениот имот**

Во рамки на Реформската Агенда и Планот за раст , АУОИ ќе донесе План за унапредување на просторните капацитети за складирање на одземениот имот во согласност со ЕУ стандардите. За чување на специфични предмети, ќе се склучуваат договори со трети лица. Во текот на процесот ќе се врши континуирана анализа на состојбата и ќе се обезбедат соодветни простории до крајот на 2027 година.

**М7: Унапредување на меѓуресорската координација**

Со формирање на меѓуресорска работна група составена од претставници на различни институции (полиција, јавен обвинител, судии, АУОИ и други) ќе се унапреди соработката помеѓу различни органи. Преку редовни состаноци и размена на искуства, ќе се подобрат процедурите и ќе се решаваат конкретни проблеми.

**М8: Интензивирање на меѓународната соработка**

АУОИ ќе ја интензивира соработката со меѓународни институции преку Балканската интер-агенциска мрежа за управување со нелегално стекнат имот (БАМИН). Претседавањето на мрежата ќе биде искористено за унапредување на соработката во управувањето со конфискуван имот преку заемна соработка со агенции во странство.

**М9: Обезбедување поголема транспарентност на работата на АУОИ**

Воспоставувањето на електронскиот регистар ќе ја зголеми транспарентноста на работата на АУОИ, овозможувајќи јавноста да има пристап до информации за локацијата и вредноста на имотот кој АУОИ го управува. Покрај тоа, редовно ќе се ажурира веб-страницата на АУОИ и ќе се објавуваат годишни извештаи за нејзината работа.

---

Посебна цел 3.2: Унапредување на механизмот за користење на одземениот и конфискуваниот имот за социјални потреби

Оваа цел ќе се реализира преку следните мерки:

**М1: Донесување на правни акти за унапредување на механизмот за социјална пренамена на одземениот и конфискуваниот имот**

Се планира донесување на подзаконски акти кои ќе ги утврдат условите за распределба и приоритети во отстапувањето на конфискуваниот имот за социјални цели, со посебен фокус на подобрување на социјалната пренамена на имотот.

**М2: Подигнување на свеста за важноста и влијанието на механизмот за социјална пренамена**

АУОИ со поддршка на стратешките меѓународни партнери ќе организира обуки, семинари и истражувања за приоритетите на социјалната пренамена на конфискуван имот, со вклучување на граѓанскиот сектор и релевантни институции. Транспарентноста на процесот ќе биде обезбедена преку електронскиот регистар.

---

Со овие мерки ќе се создадат предуслови за ефективно управување со одземениот имот, за зголемена транспарентност и одговорност, како и за подобра социјална пренамена на имотот, што ќе има позитивен ефект врз општеството во целина.

## 7. Заклучок

Акцискиот план за 2025 година ќе помогне во постигнување на посочените цели за унапредување на работата на Агенцијата за управување со одземен имот. Спроведувањето на овие мерки ќе допринесе за зголемување на транспарентноста, ефикасноста и професионализацијата на АУОИ, а истовремено ќе го поддржи економскиот развој на земјата преку оптимизирање на приходите од конфискуваниот имот.

---

Со оваа структура и фокусираност на конкретни задачи и цели, планот ќе може да се реализира успешно и да донесе значајни резултати.

# АКЦИСКИ ПЛАН 2025

Акцискиот план ги дефинира:

- Мерките и активностите кои ќе придонесат за остварување на општите и посебните цели во секоја од приоритетните области;
- Водечките органи надлежни за спроведување на активностите и другите органи кои ќе бидат вклучени во спроведувањето;
- Почетниот и крајниот квартал во соодветната година што претставува временска рамка за спроведување на активностите;
- Проценка за потребните средства и изворот на финансирање;
- Показатели неопходни за мерење на успешноста кои се дефинирани на ниво на резултат (мерки), исход (посебна цел) и ефект (општа цел).

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ за периодот 2025**

| | |
|---|---|
| **III. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:**<br>**Управување со одземениот и конфискуван имот, вклучително и негова повторна употреба за социјални цели** | **ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:** |
| **Општа цел:**<br>**Зачувување и одржување на вредноста на привремено одземен и конфискуван имот** | **Показател на ефект**<br>**Процент на поврат на одземен и конфискуван имот преку продажба, отстапувања, уништување или враќање на сопственикот** |
| **Посебна цел 3.1**<br>**Зајакнување на капацитетите и поголема ефикасност на Агенцијата за управување со одземен имот** | **Показател на исход:**<br>Зголемување на нивото на севкупниот процес на менаџмент: физичко преземање на запленетиот имот и нивен превоз, увид и проценка, складирање и успешно одржување и сочувување на вредноста на одземениот (привремено и конечно) и конфискуван имот, зголемување на приходот од продажби и пасивниот приход од остварени бесплатни отстапувања. |

| Мерки | Активности | Водечки орган<br>Други органи | Почетен датум (квартал) | Планиран датум на извршување (квартал) | Проценка на потребните средствата | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.1. Утврдување на правната рамка која ќе обезбеди ефикасна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка** | 3.1.1-1 Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од законот | АУОИ | I Квартал 2025 | I Квартал 2025 | 0 | | **Показател на резултат:**<br><br>Степен на воспоставена правната рамка која ќе обезбеди ефикасна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка |
| | 3.1.1.-2 Изготвување функционална анализа на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на АУОИ | | II Квартал 2025 | III Квартал 2025 | 25.000 | Буџет | |
| | 3.1.1-3 Организирање и спроведување на обуки, работилници, семинари за | АСЈО<br>АУОИ<br>ЈОРСМ<br>УФП<br>ЦУ,<br>УЈП,<br>МВР, | IIКвартал 2025 | IV Квартал 2025 | 20.000 | Буџет | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | предмети во кривична и прекршочна постапка | Банкарски сектор и др. Релевантни институции | | | | | |
| **3.1.2 Кадровско зајакнување и техничко опремување на АУОИ** | 3.1.2-2 Вработување на потребниот број на административни службеници ,технички персонал и други вработени и ангажирани лица<br><br>3.1.2-3 Донесување на План за специјализирани обуки на вработени во АУОИ<br><br>3.1.2-4 Спроведување на обуки на персоналот на АУОИ за најдобрите пракси за управување со одземениот имот<br><br>3.1.2-5 Материјално-техничко опремување на просториите на АУОИ, како и информатичка опрема<br><br>3.1.2-6 Набавка на техничка опрема за складирање, чување и одржување на имотот | МФ<br>АУОИ<br><br>АУОИ<br><br>АСЈО<br><br>АУОИ<br><br>АУОИ | II Квартал 2025<br><br>II Квартал 2025<br><br>I Квартал 20245<br><br>IV Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | III Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | 3.177.640<br><br>30.000<br><br>1.180.000 | Буџет/МФ<br><br>Буџет<br><br>Донаторска поддршка<br><br>Буџет/ 7 % од оствaрен приход<br><br>/донаторска поддршка | **Показател на резултат:**<br>% на пополнети работни места во однос на систематизирани<br><br>Степен на набавена материјално техничка опрема која е ставена во функција |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.3 Воспоставување на електронскиот регистар за одземен имот** | 3.1.3-1 Обезбедување финансиски средства за набавка и инсталација на електронскиот регистар<br><br>3.1.3-2 Изготвување на техничка спецификација и набавка за софтверското решение со следните ставки: автономен/сопствен централизиран менаџмент систем; сопствена база на податоци; можност за идна конекција со системите на другите институции преку платформата за интероперабилност преку дефинирање и развивање на API-а и web сервиси; веб страна; веб апликација за online јавно надавање/систем на продажба<br><br>3.1.3-3 Донесување на подзаконски акт<br><br>3.1.3-4 Инсталација на софтверското решение<br><br>3.1.3-5 Обука на вработените за користење на електронскиот регистар | АУОИ | I Квартал 2025<br><br>III Квартал 2025 | II квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | **1.475.000**<br><br>**124.000.000** | Буџет/ 7 % од оставрен приход<br><br>МФ,<br>Влада на РСМ<br><br>МФ,<br>Влада на РСМ,<br>Донаторска поддршка<br><br>Донаторска поддршка | **Показател на резултат:**<br><br>Степен на воспоставување на електронски регистар за одземениот имот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.4 Обезбедување пристап до базите на податоци на другите институции** | 3.1.4-1 Склучување на меморандуми за соработка со други институции со кои ќе се уреди начинот на размена на податоци<br><br>3.1.4-2 Операционализација на потпишаните меморандуми/договори<br><br>3.1.4-3 Обука на вработените во АУОИ за користење на платформата за интероперабилност<br><br>3.1.4-4 Анализа на потребите на склучување на нови договори за електронска размена на податоци | АУОИ<br>АКН<br>ЦР<br>ЦДХВ<br>КБ<br>АВРсМ<br>УМК<br>МВР<br>Судови<br>ЈОРСМ<br>АРО<br>ЦУ<br>УФП<br>УФР<br>БСВ | II Квартал 2025<br><br>II Квартал 2025 | IV Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | | МИОА/ Донаторска поддршка | **Показател на резултат:**<br><br>бројот на операционализирани меморандуми/договори за пристап до базите на другите институции |
| **3.1.5 Подобрување на просторните капацитети за чување на одземениот имот** | 3.1.5-1 Функционална анализа на состојбата со складиштата и чување на одземениот имот<br><br>3.1.5-2 Донесување на План за унапредување на просторните капацитети за чување на одземениот имот<br><br>3.1.5-3 Обезбедување финансиски средства за имплементација | АУОИ | IV Квартал 2025<br><br>I Квартал 2025<br><br>III Квартал 2025 | IV Квартал 2025<br><br>II Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | 63.600.000<br><br>269.900.000 | Донаторска поддршка<br><br>Буџет/ 7 % од остварен приход<br><br>МФ/ВЛАДА НА РСМ | **Показател на резултат:**<br>Степен на подобрување на просторни капацитети за чување на одземениот имот согласно ЕУ стандардите |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.5-4 Идеен план и Изградба на магацински простор согласно ЕУ стандардите за складирање и чување на одземениот и конфискуван имот по вид и количина, кој ќе вклучува и:<br>- паркинг плац и гаражи за возила<br>- просторни услови и услови за работа во магацините<br><br>3.1.5-5 Склучување договори со трети страни за складирање на специфични одземени предмети | | IV Квартал 2025<br><br>III Квартал 2025 | IV квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | 720.000 | Донаторска поддршка<br><br>Буџет/ 7 % од оставрен приход | |
| **3.1.6 Унапредување на меѓу ресорската координација** | 3.1.6-1 Формирање на меѓу ресорска работна група на експерти<br><br>3.1.6-2 одржување на редовни квартални координативни состаноци<br><br>3.1.6-3 Склучување на протоколи/договори за соработка во постапка со одземени предмети во прекршочна, кривична и управна постапка | АУОИ<br>ЈОРСМ<br>АРО<br>МВР<br>ЦУ<br>УФП<br>МП<br>Суд<br><br>ЈОРСМ/АРО<br>МВР<br>МО<br>НБРСМ<br>ДЗ | IV Квартал 2025<br><br>II Квартал 2025 | IV Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | /<br><br>Буџет/донаторска поддршка | **Показатели на резултат:**<br><br>Број на извештаи од одржани координативни состаноци на меѓуресорската работна група |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.7 Интензивирање на меѓународната соработка** | 3.1.7-1 Вклученост во меѓународни мрежи за управување со одземен имот (BAMIN и други меѓународни иницијативи и проекти)<br><br>3.1.7-2 Склучување на договори за заемна соработка со надлежните институции за управување со одземен и конфискуван имот во странство | АУОИ<br><br>АУОИ | I Квартал 2025<br><br>III Квартал 2025 | IV Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | **30.000** | Буџет,<br>Донаторска поддршка<br><br>Донаторска поддршка | **<u>Показател на резултат:</u>**<br>извештаи од одржани состаноци во рамки на меѓународните мрежи за управување со одземен имот и меѓународни иницијативи<br><br>Број на склучени договори за заемна соработка со надлежни институции за управување со одземен и конфискуван имот во странство<br>Број на реализирани предмети за управување или продажба на конфискуван имот со прекугранична природа |
| **3.1.8 Обезбедување поголема транспарентност во работата на АУОИ** | 3.1.8-1 Креирање на веб страна<br><br>3.1.8-2 Објавување на годишните извештаи за работа на АУОИ на веб страна | **АУОИ** | I Квартал 2025<br><br>I Квартал 2025<br><br>II Квартал 2025 | II Квартал 2025<br><br>II Квартал 2025<br><br>IV Квартал 2025 | **72.000** | Буџет на АУОИ | **<u>Показател на резултат:</u>**<br>Ставена во функција веб страната<br><br>бројот на објавени извештаи од делокруг на АУОИ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.8-3 Објави на социјални мрежи за прашања од делокруг на АУОИ<br><br>3.1.8-4 Пристап до електронскиот регистар за одземен имот | | IV Квартал 2025 | IV Квартал 2025 | | | транспарентно објавени податоци за одземениот и конфискуваниот имот |
| **Посебна цел 3.2:**<br>**Унапредување на механизмот за користење на одземениот и конфискуван имот за социјални цели** | | | | **Показател на исход:**<br><br>**Број/количина на имот употребен за социјална пренамена** | | | |
| **3.2.1 Донесување на правни акти за воспоставување на механизмот за социјална пренамена на конфискуваниот нелегално стекнат имот** | 3.2.1 Донесување на подзаконски акт | АУОИ | I Квартал 2025 | I Квартал 2025 | | | **Показател на резултат:**<br><br>Донесен подзаконски акт |
| **3.2.3. Подигнување на свеста за важноста на овој механизам за социјалните потреби на граѓаните** | Организирање на работилници, семинари со претставници со граѓанскиот сектор и другите институции за социјална пренамена на одземениот и конфискуван имот | АУОИ | IV Квартал 2025 | IV Квартал 2025 | **20.000** | Буџет<br><br>Донаторска поддршка | **Показател на резултат:**<br>Број на организирани работилници |

Арх.бр. 01-501/1 од 28.01.2025 година

В.Д Директор
на Агенција за управување со одземен имот

Ирена Илиевска

Изготвил: Арита Хаџиева